РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 1140/1
17.02 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019, Државната комисија за спречување на корупцијата на 26-та седница одржана на ден 07.02.2020 година донесе

**ОДЛУКА**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против службено лице поради промена на фактичка состојба, односно истото лице ја отстранила состојбата на судирот на интереси.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 09-3834/1 од 08.08.2019 година.

Предметот со број 09-3834/1 од 08.08.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-3834/1 од 08.08.2019 година е оформен по пријава од познат подносител против службено лице, со наводи дека лицето се наоѓа во состојба на судир на интереси бидејќи ја извршува функцијата член на Управен одбор на ЈЗУ Здравствен дом, а подоцна се вработува на неопределено време како д-р на стоматологија во истата ЈЗУ, што е спротивно на член 101 став 2 од Законот за здравствената заштита.

Во согласност со член 100 став 3 од Законот за здравствената заштита, Управниот одбор на јавните здравствени установи од примарната здравствена заштита го сочинуваат пет члена од кои тројца претставници на основачот и двајца претставници од единиците на локалната самоуправа од кои едниот го именува советот на општината на чие подрачје е седиштето на јавната здравствена установа, а другиот од советот на општината со најголем број жители на подрачјето што го покрива здравствената установа, не вклучувајќи ја општината на чие подрачје е седиштето на здравствената установа ако таа е со најголем број жители.

Државната комисија констатира дека во конкретниот случај постои состојба на судир на интереси, бидејќи службеното лице е член на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом како претставник од единиците на локалната самоуправа, по што согласно член 8 став 2 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси има статус на службено лице и извршува јавни овластувања и должности, а сега е вработено во истата ЈЗУ, што може да влијае врз непристрасното вршење на нејзините службени должности.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

За надминување на констатираната повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија согласно со член 77 став 1 од истиот закон ја извести ЈЗУ Здравствен дом и побара во рок од 15 дена, службеното лице да го отстрани судирот на интереси.

Со допис доставен од страна на ЈЗУ Здравствен дом, Државната комисија на ден 27.09.2019 година е известена дека од нивна страна е побарано од Советот на надлежната општина да го разреши службеното лице од функцијата член на Управен одбор на ЈЗУ Здравствен дом, по што донесено е Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом со приложување на доказ за истото.

Покрај претходно наведеното, по проверка во електронската база на Државната комисија, Државната комисија утврди дека службеното лице во законски предвидениот рок по избор за член на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом не поднело анкетен лист и изјава за интереси до Државната комисија, по што Државната комисија и издаде прекршочен платен налог. Службеното лице во рок од 8 дена изврши уплата на глобата во вредност од 150 евра и ја извести Државната комисија за истото.

На седницата одржана на ден 07.02. 2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од член 77 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира дека нема основа за нејзино надлежно постапување поради промена на фактичката состојба, односно службеното лице постапило по барањето на Државната комисија и во законски предвидениот рок ја отстранило состојбата на судирот на интереси, како и уплата на глоба после доставен Прекршочен платен налог.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

Изработил: Кате Здравкоска, советник


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk